Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

Austrian Development Agency

CRPM Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

ФОКУС FOCUS



# АНАЛИЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

## СОСТОЈБИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

## СОДРЖИНА

1.ВОВЕД

1.1 МЕТОДОЛОГИЈА

2. ВЛИЈАНИЕ НА КОВИД 19 ВРЗ ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ВЕЛЕС

3. ДЕВОЈЧИЊАТА НА МОБИЛЕН, МОМЧИЊАТА НА КОМПЈУТЕР

4. ПОСРЕДНИ И НЕПОСРЕДНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И УЧЕНИЦИ/ЧКИТЕ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

5. АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИ .

6.ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# 1. ВОВЕД



## Општина Велес и Ковид-19

Од почетокот на пандемијата до денес, во општина Велес се регистрирани вкупно 5.617 заболени со Ковид-19. Доколку го споредиме бројот на заболени со вкупниот број на население во земјава, ќе добиеме сооднос од близу 11% што ја прави Општина Велес една од најпогодените општини со овој вирус. Колку за споредба, во општините со приближно ист број население, како што се Охрид, Струмица и Кичево, тој процент изнесува (редоследно) 9,7%, 8,7%, односно 5,7%.

Според податоците од Институтот за јавно здравје, 2.878 од вкупно заразените жители на Општина Велес се мажи, а 2.870 се жени. Од почетокот на пандемијата заклучно со 29-ти август 2021 година, во Велес починаа вкупно 185 лица, од кои 67 жени и 118 мажи.

Општина Велес не влегува ниту во градовите со висок опфат на вакцинација со близу 20.000 дадени вакцини.

## Образовниот процес во Општина Велес во време на пандемија

Во општината има седум основни училишта, едно посебно основно училиште, едно основно музичко училиште и четири средни училишта. Според податоците од Одделението за јавни дејности при Општина Велес, во основно и средно образование во учебната 2021/2022 година учат вкупно 6.624 ученици и ученички. Од нив 3.193 или 48.2% се девојчиња, а 3.392 или 51.8% се момчиња. Во општината се одвива и настава на албански јазик, пред сé во Бузалково, Клуковец и Сливник, како и во СОУ Гимназија „Кочо Рацин" во градот Велес. Во општината не се одвива настава на турски, ромски или српски јазик, иако има ученици од овие етнички групи. Во училиштето во село Горно Оризари се одвива настава на мајчин бошњачки јазик за учениците од бошњачката заедница кои живеат во селото.

Општина Велес ги следеше насоките и мерките од страна на Владата и Министерството за образование и наука кои се однесуваат на образовниот процес, а кои пак имаат за цел намалување и ублажување на ширењето на вирусот помеѓу учениците и нивните семејства.
Учебната 2020/21 година за учениците и ученичките од I до III одделение во целост се одвиваше со комбинирана настава, додека за учениците од останатите одделенија и класови наставата се одвиваше од далечина (онлајн).

Општина Велес спроведе низа мерки за непречено одвивање на наставниот процес, кои можеме да ги класифицираме како хигиенско-санитарни и мерки во вид на материјална помош. Што се однесува до првите, општината вршеше дезинфекција во речиси сите јавни објекти и установи, вклучително и во училиштата. Воедно, се дезинфицираа и јавните објекти во кои е регистрирана поголема фрекфенција на локалното население. Овие мерки опфатија: забрана за движења и собирања; затворање на детски игралишта и спортски терени; оградување на игралиштата и терените со заштитна лента; оградување на патеката околу езеро „Младост" како и јавни површини градот со цел да намали движењето на поголеми групи граѓани.

Во контекст на мерките кои вклучија материјална помош од општината, треба да се нагласи одлуката на Советот на Општина Велес за издвојување на 1300.000,00 денари од општинскиот буџет за набавка на таблети за ученици од училиштата во градот во реоните во кои живеат во социјално ранливи семејства.

Со овие средства се купија 260 таблети за учениците и ученичките од овие ранливи групи. Дополнително, преку лобирање од страна на општината и донации се обезбедени 210 таблети од

„Макпетрол", 35 таблети од „Ромостет", а обезбедени се и 50.000 денари за набавка на интернет картички. Општинската помош не беше насочена само кон учениците, туку и кон наставниот кадар. По анакетата која покажа дека во велешките училишта вкупно 165 наставници се без уред за држење настава, општината обезбеди 240 преносни и 7 статични компјутери за наставниците и наставничките од велешките училишта за да може непречено да ја предаваат наставната содржина. Дел од мерките се однесуваат на учебната 2021/2022 година, вклучително ангажирање на образовни асистенти за учениците и ученичките кои имаат потреба од дополнителна помош во учењето.

## 1.1 Методологија

Анализата на мислењето на учениците, ученичките и родителите е направена преку електронска анкета на репрепрезенативен примерок од 819 испитаници од кои 699 ученици и ученички во основно и средно образование и 120 родители.

Анкетниот прашалник во електронска форма (пристап до онлајн прашалник) е дистрибуиран во седум основни училишта, од кои четири во градот и три во селата како и сите четири средни училишта на подрачјето на општина Велес.

Истражувањето на мислењето на учениците опфати вкупно 699 ученик од кои 62% во основно образование и 38% во средно образование. Триесет и четири ученици од основното образование опфатени во истражувањето се од училиштата лоцирани во селата, а 665 се од училиштата во градот.

Конкретно, процесот на анкетирање ги опфати сите основни и средни училишта во надлежност на Општина Велес или вкупно седум општински основни училишта (4 во град и 3 во населени места) и четири средни училишта, од кои две се стручни училишта.

Прашалниците за учениците и родителите беа структурирани во три целни области:

**Прашалник за ученици**

- Целна група (одделение, клас, училиште)
- Главен дел 2
- Демографски и родови прашања

**Прашалник за родители**

- Социјални прашања 1
- Главен дел 2
- Демографски и родови прашања 3



Анкетниот прашалник за учениците вклучи прашања кои се однесуваат на условите во кои живеат учениците и ученичките,родителите, полот, етничката припадност, можноста во семејствата за следење на онлајн настава и поддршка на учениците, технички прашања за одвивање на онлајн наставата, пристапот до интернет, поддршката од наставниот кадар и родови прашања.
Анкетниот прашалник за родителите покрај горенаведените податоци овозможи родителите да го искажат своето мислење и за образовниот процес, квалитетот на наставата и спроведувањето на образовниот процес на локално ниво.

Процесот на анкетирање на учениците, ученичките и родителите беше спроведен во февруари 2021 година, во периодот од 04-25.02.2021 година.

Во анализата во општинските основни училишта беа вклучени ученици од VIII и IX одделение, а во општинските средни училишта учениците во II и III година. Прашалникот го пополнија ученици од обата пола.

Од учениците во основно и средно образование кои го пополнија анкетниот прашалник 50.35% се од машки пол, а 49.65% се од женски пол.

■ машки ■ женски




Помеѓу вкупно 699 испитаници од општинските основни и средни училишта, анкетниот прашалник го пополнија припадници од седум етнички заедници.

Во истражувањето се опфатени три возрасни групи на родители. Најголем број од родителите учесници во истражувањето или 53% се на возраст од 30-40 години. 39% се на возраст од 40-50 години, а 8% се на возраст од 20-30 години.

Од вкупно 120 испитаници кај родителите, анкетниот прашалник го пополнија претставници на осум етнички заедници.




38% од испитаните родители се изјаснија дека припаѓаат на македонската етничка заедница, 17% на албанската, 16% на бошњачката, 13% на српската, 6% на турската, 4% се изјасниле дека припаѓаат на друга етничка заедница а по 3% на ромската и влашката етничка заедница.

Прашалникот го пополнија ученици и родители кои живеат и во урбана и во рурална средина. Кај учениците поголем број од испитаниците живеат во урбана средина, а кај родителите мнозинството испитаници живеат во рурална средина.

Во контекст на социјалната структура на испитаниците и кај учениците и кај родителите прашалникот го пополнија испитаници кои живеат во различни социјални услови.

Од вкупно 699 ученици од основно и средно образование 61.48% се од семејство кое брои од 3 до 4 членови, а 38.42% се од семејство со повеќе од 4 членови. 91.44% од испитаниците живеат со обата родители, а 8.41 % живеат само со еден родител.

Мнозинството од анкетираните ученици (61.58%) живеат во семејства со 3-4 членови. За 8.41% од учениците се грижи само еден родител.

Во најголемиот број семејства (56%) има еден ученик, во 30% од семејствата има двајца ученика, а во 14% од семејствата има повеќе од двајца ученици.

Имено, 72% од родителите кои ја пополнија анкетата се жени, 48% од анкетираните родители имаат двајца ученици во семејството, а 16% имаат тројца ученици. Дури 38% од родителите се невработени, а 12% се приматели на социјална помош.

Дополнително, 46% од родителите се со средно образование (највисок процент помеѓу анкетираните), а 13% се со незавршено основно образование. Високообразовани се 15%.

Процесот на анкетирање е спроведен во соработка со управата и наставниот кадар во училиштата.

Со оглед на фактот што во фокусот на ова истражување беа состојбите и во училиштата лоцирани во руралните средини, процесот на анкетирање ги опфати и родителите на учениците кои живеат во селата во околината на Велес и тоа село Бузалково со мнозинска албанска етничка заедница, село Горно Оризари со мнозинска бошњачка етничка заедница и село Иванковци со мнозинска српска етничка заедница.

Најголемиот дел од анкетираните ученици наставата ја следат на мобилен телефон (41%).
За 12% од анкетираните ученици кои живеат во семејства со повеќе ученици, родителите не се во можност да набават дополнителен уред за следење на онлајн настава и тие го делат истиот уред со својот брат или сестра.

Понатаму, 2% од учениците воопшто немаат пристап до интернет, а за 24% квалитетот на интернетот не овозможува непречено следење на онлајн наставата.

Процесот на анкетирање овозможи учениците, ученичките и родителите јасно да го изразат своето мислење за суштинските предизвици на образовниот процес на локално ниво и да дадат свои коментари на актуелните состојби.

# 2. ВЛИЈАНИЕ НА КОВИД 19 ВРЗ ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ВЕЛЕС



Здравствената криза предизвикана од вирусот ковид-19 донесе нови предизвици за училиштата, наставниот кадар, родителите и наставниците. И покрај фактот што Општина Велес потврди дека од почетокот на пандемијата не е регистриран прекин на наставниот процес во основните и средните училишта, сепак сите образовни институции на локално ниво се соочија со предизвици и проблеми. Во Велес, како и ширум државата, наставата во основните и средните училишта се одвиваше онлајн или комбинирано (онлајн и физичко присуство). Комбинираната настава беше најзастапена во средните стручни училишта поради наставните програми со практична настава. Според податоците од образовните институции на локално ниво, во едно средно училиште беше побарано учениците физички да присуствуваат за испрашување.

Од аспект на учениците, ако се направи родова анализа, податоците се со различни вредности кај учениците од женски и учениците од машки пол. Девојчињата повеќе следеле онлајн настава во споредба со нивните соученици од машки пол. Конкретно, според резултатите од анкетата 89,70% ученички наставата ја следеле само онлајн, додека овој процент е понизок кај учениците од машки пол и изнесува 74.10%. Комбинирана настава (онлајн и со физичко присуство) следеле 10.30% од испитаните ученички и 25.90% од испитаните ученици.

Во однос на местото на живеење, само онлајн настава следеа 90.30% ученички што живеат во град, а помалку или 86.90% ученички што живеат во село.

Помал е процентот на учениците од машки пол кои живеат во град и следеле само онлајн настава - 75.80%. Нивните соученици што живеат во рурална област онлајн настава следеле во уште помал процент- 67.60%. Комбинирана настава следеа 9.70% од ученичките што живеат во град и 13.10% од ученичките што живеат во село. Процентите се повисоки кај учениците од машки пол. 24.20% од оние што живеат во град и 32.40% од оние што живеат на село следеле комбинирана настава.

Овие податоци отвораат интересни прашања за причините за повисоката стапка на следење на онлајн настава кај ученичките во споредба со учениците. Резултатите во контекст на местото на живеење се логични поради очекуваниот подобар квалитет на интернет во градот во споредба со руралните средини. Ова ја наметнува подребата од интервенции на надлежните државни и локални институции за подобрување на квалитетот на интернетот во руралните области и обука на учениците од машки пол за следење на онлајн настава.

Во однос на квалитетот на наставата, најниска оценка (многу лошо) дале 8.10% од момчињата што живеат на село и 3.30% од девојчињата што живеат на село. Овој процент кај момчињата што живеат во град изнесува 5.50%, а кај девојчињата што живеат во град 4.50%. Низок е процентот и на ученици од обата пола кои наставата ја оцениле со „лошо" . Оваа стапка се движи од 4.90% од девојчињата на село, 8.10% од момчињата на село, до 5.90% од момчињата во град и 7.20% кај девојчињата во град. Оценка „добро" дадоа речиси идентичен број на ученици од обата пола и од урбаната и од руралната средина. Од 28.40% кај момчињата на село до 32.80% кај девојчињата на село.

Многу добро наставата ја оценија исто така речиси идентичен процент на ученици од обата пола со различно место на живеење 31.10% од момчињата на село, 34% од девојчињата на село, исто толкав процент момчиња во град и за еден процент помалку девојчињата во град. Највисока оценка за квалитетот на наставата „одлично" дадоа 24% од учениците од обата пола со различно место на живеење. Процентот е понизок само за еден кај девојчињата кои живеат во град.
Анализата на прашањето за квалитетот на наставата покажува дека учениците од обата пола, независно дали живеат во град или на село, речиси идентично во најголем процент ја оценија

наставата во услови на ковид-19 со оценка „многу добро".

Пандемијата донесе специфични предизвици и за родителите. Имено, 14% од испитаните родители кои со повеќедетно семејство (имаат повеќе од двајца ученици во семејството) се соочија со потешкоттии во обезбедување на просторни и технички услови за да можат нивните деца непречено да ја следат наставата. Прилагодувањето на новиот временски распоред и присуството на децата во домот наложи потреба за промени во организацијата на секојдневниот живот во семејството.

На прашањето дали се доволно упатени во новите технологии за следење на онлајн настава, 64% од анкетираните родители одговорија потврдно, а 36% од родителите сметаат дека не се упатени во новите технологии за следење на онлајн настава.

Понатаму, 87% од анкетираните родители сметаат дека можат да им дадат поддршка на своите деца во учењето, а 13% сметаат дека не можат да им дадат таква поддршка на своите деца.

Исто така, 52 % од анкетираните родители се задоволни од квалитетот на интернетот, а 48% не се задоволни и пријавуваат чест пад на врската.

Дури 98% од анкетираните родители сметаат дека наставата во училиштата треба да се одвива со физичко присуство.

Во однос на видот на настава организирана во услови на пандемија, 98% од анкетираните родители ја претпочитаат наставата со физичко присуство, а само 2 % онлајн наставата. При набавката на уред за следење на онлајн настава, 26% од родителите кои имаат повеќе ученици во семејството му даваат предност на детето кое е подобар ученик, 24% ѝ даваат предност на ќерката, а 20% на синот.

Од 120 родители учесници во анкетата од вкупно 8 етнички заедници, со различно место на живеење, најголемиот број се изјаснија дека онлајн наставата не го понуди потребното ниво на квалитет.

Според нив, наставата не овозможи дообјаснување на наставниот материјал и не им понуди на нивните деца, независно од полот и местото на живеење, дополнителна можност за стекнување на потребните знаења. Како што покажа работата со родителите и во фокус групите, особено тешки се проблемите на родителите на децата со попреченост на кои во услови на ковид-19 не им беа понудени алтернативни решенија, алатки или стручна помош за непречено следење на наставата. Овие резултати ја наложија потребата да се осмислат и понудат решенија за овие специфични целни групи на ученици и ученички.

Квалитетот на наставата повисоко ја оценија родителите од машки пол и дури 48.5% од нив дадоа оценка „многу добро". Наспроти нив, најголем процент од родителите од женски пол 41.4% наставата ја оценија со оценката „добро". Повисок процент жени отколку мажи дадоа одлична оценка за наставата (14.9% жени наспроти само 6.1% мажи). Најниска оценка „многу лошо" дадоа поголем процент жени отколку мажи (8.0% жени и 3.0% мажи).

Во контекст на поддршката од наставниците, на прашањето дали на средбите со наставниците и на родителските средби добиваат доволно информации за напредокот на нивното дете 93.3% од анкетираните родители одговорија потврдно, а 6.7% рекоа дека не добиваат доволно информации. 93.1% од родителите што одговорија потврдно се жени, а 6.1% мажи што навестува дека родителите од женски пол повеќе комуницираат со наставниците.

На конкретно прашање за видот на комуникацијата со наставниците, најголем процент или 33% од родителите одговорија дека со нив комуницират онлајн, на родителски средби и по телефон. На овој начин комуницираат 35.6% од родителите од женски пол, а помалку или 27.3% од родителите од машки пол.

Родителите најмалку ги користат социјалните мрежи за комуникација со наставниците. Оваа стапка кај жените е само 1.1%, а кај мажите уште помала 0.8%. Само телефонска комуникација остваруваат 16.1% од родителите жени и 15.8% од родителите мажи што укажува дека родителите од обата пола речиси во идентичен број ја користат можноста за комуникација по телефон.

Резултатите укажуваат на многу слаба искористеност на социјалните мрежи како можност за брза комуникација со наставниците и потребата од едукација на родителите за користење на социјалните мрежи како глобален тренд за ефикасна комуникација.

Наспроти резултатите од анкетата со пополнување на прашалник, на терен анкетарите добија и голем број потврди од родители, особено оние од социјално ранливите категории, дека поради неможноста да обезбедат компјутерска опрема и слабите ИТ вештини претпочитаат директни средби и разговор со наставници.

# 3. ДЕВОЈЧИЊАТА НА МОБИЛЕН, МОМЧИЊАТА НА КОМПЈУТЕР



Во училиштата во Велес најмногу од учениците или 38.1% наставата ја следат на лаптоп. 35.6% користат телефон, а 22.7% компјутер. Ученичките во најголем број или 60.67% најчесто користат лаптоп, а учениците намногу (79.2%) користат компјутер. Помеѓу 249 ученици кои рекле дека користат мобилен телефон поголемиот број се девојчиња или 57.8%. Од 267 ученици кои користат лаптоп, 60.67% се девојчиња, 39.3% се момчиња. Во најголем број компјутерот го користат момчињата или 79.2% од вкупно 159 ученици кои настава следат на компјутер. Само 20.7% од девојчињата користат компјутер.

Овие податоци покажуваат дека учениците во велешките основни и средни училишта претпочитаат наставата да ја следат на лаптоп, потоа на телефон, а во најмал број на компјутер.

Интересен е податокот за стапката на користење на компјутер каде трипати повеќе се застапени момчињата. Ова укажува дека момчињата претпочитаат да пишуваат домашни задачи на компјутер, а девојчињата на лаптоп односно претпочитаат мобилен уред.

Девојчињата претпочитаат и повеќе да користат мобилен телефон за следење на наставата. Податоците говорат дека од вкупно анкетираните 699 ученици во велешките училишта, 675 користат барем еден од наведените уреди за следење на наставата.

Од вкупно 120 ученици кои одговорија на прашањето дали уредот го делат со брат или сестра 30% одговорија потврдно, а 70% рекоа дека имаат посебен уред. Од нив поголемиот број или 33.3% се момчиња, а 28.7% се девојчиња што значи дека од вкупно анкетираните ученици момчињата повеќе користат посебен уред за следење на настава во однос на девојчињата. Овој, но и погорниот податок, податок можеби упатува и на фактот дека во семејствата каде има и учник и ученичка, предноста за користење на преносниот компјутер е кај момчето, но за ова малку подолу во текстот.

Од вкупно 120 родители кои одговорија на прашањето дали набавиле дополнителен уред за следење на нставата, 47.5% одговорија потврдно. Поголемиот број или 52.7% не набавиле дополнителен уред. Помеѓу оние што набавиле дополнителен уред повеќето се мажи или 54.5% во споредба со 44.8% жени што укажува на поголема куповна моќ кај мажите. Очекувано, помеѓу родителите кои не набавиле дополнителен уред предничат жените со 55.2%, во споредба со 45.5% мажи.

За повеќето од анкетираните родители или 52.5% набавката на дополнителен уред не претставувала дополнителен финансиски товар во споредба со 47.5% кои одговорија потврдно. Кај родителите кои не чувствуват финансиски товар предничат мажите со 54.5%. Помеѓу родителите за кои набавката на дополнителен уред е финансиски товар предничат жените со 48.3%, наспроти 45.5% мажи кои навеле дека немале дополнително финансиско оптоварување. И овие податоци укажуваат на поголема куповна моќ кај мажите.

Инаку, 27.8% од родителите учесници во истражувањето изјавија дека детето кое е подобар ученик имало предност во набавката на уред за следење на онлајн наставата. Така, 17.5% одговорија дека предност имало детето што учи во основно училиште, 10.3% детето што учи во средно училиште, 22.6% предност им дале на своите ќерки, а 21.6% на своите синови при набавката на уред за следење на онлајн наставата.

Од родов аспект најголем процент од женските исптаници 17.% предност му даваат на подобриот ученик. Во однос на децата од различен пол, родителите од женски пол поголема предност и даваат на ќерката или 14.3%, а помала на синот 7.2%.

Најголем процент кај машките испитаници или 14.3% од нив предност му даваат на синот во споредба со ќерката на која предност и дадоа 8.2% од родителите мажи.

По ова прашање родителите од женски пол поголема предност му даваат на детето што учи во основно образование или 13.4% во споредба со детето средношколец 9.2%. Родителите мажи предност им даваат на основците со 4.1% во споредба со средношколците 1%.

Во однос на квалитетот на интернетот за непречено следење на наставата, своето мислење го дадоа 119 родители, па така46.2 % од нив се задоволни од квалитетот на интернетот, 38.7% се пожалија на слаба интернет врска, а 12.6% на чести прекини во конекцијата. Во однос на родовото сегментирање жените се позадоволни од квалитетот на интернет во однос на мажите - 51.2% жени, а многу помалку мажи 33.3%, се задоволни од интернетот. Помеѓу родителите кои се пожалија на слаба интернет конекција, предничат мажите со 48.5% наспроти 34.9% жени.

Во однос на обуката за онлајн настава, мнозинството од вкупно анкетираните 120 родители или 75% од анкетираните родители потврдија дека училиштето организирало обука за следење на онлајн настава, а 23% се изјаснија дека овој вид обука не е спроведена. На ова прашање потврдно одговорија 28.7% , а негативно дури 71.3% жени. Кај мажите потврдно одговорија 15.2% од испитаниците, а негативно дури 84.8% мажи што потврдува дека машката популација на родители во поголем процент укажува на недостигот на обука и поддршка за следење на онлајн наставата. Исто така, 87% од анкетираните родители сметаат дека можат да им дадат поддршка на своите деца во учењето, а 13% сметаат дека не можат да им дадат таква поддршка на своите деца.

Во однос на видот на настава организирана во услови на пандемија, 98% од анкетираните родители ја претпочитаат наставата со физичко присуство, а само 2 % онлајн наставата.

Од родов аспект, дури 98.9% од роителите жени и 97% од родителите мажи претпочитаат настава со физичко присуство. Онлајн настава претпочитат само 1.1% од жените и 3% од мажите.

Од аспект на наставниците, организацијата на наставата во услови на ковид-19, по надминувањето на првичните технички проблеми со недостиг на компјутерска опрема, генерално ги за доволува потребите, но нотирани се и клучни проблеми за непречено одвивање на наставата.. Повеќето од вкупно 17 наставници консултирани во рамките на проектот сметаат дека времетраењето на часовите од 35 минути е доволно, но дека сé зависи од инвентивноста на наставникот/чката. Тие изразија незадоволство од алатките што на образовните работници им се ставени на располагање за изведување на онлајн настава. Овие ставови се речиси идентични кај наставниците од обата пола. Во проектот се вклучени 9 наставнички и 8 наставници.

Кај наставничките кои предаваат предмети по општествени науки превладува ставот дека за првпат во својата професионална кариера се соочуваат со изменети услови за настава предизвикани од пандемија и дека всушност за прв пат методите на работа се поврзани со онлајн настава и корстење на информатичка технологија.

Ставот на наставничките кои предаваат македонски и странски јазици, како и историја, географија и други општествени науки не се соочиле со сериозни проблеми и предизвици во онлајн наставата затоа што располагаат со градива што лесно се прилагодуваат на изменетите услови на настава.

За разлика од нив, наставниците од машки пол кои предаваат природни и технички науки рекоа дека се соочуваат со проблеми и предизвици поради потребата од користење на специфични алатки како и потребата од физичко присуство за практична настава.

Најсериозни проблеми посочија наставничките и наставниците кои предаваат ликовна уметност, музико и физичко образование и кои изјавија дека онлајн наставата не обезбедува услови за непречено одвивање на настава по овие предмети.

Дел од наставниците констатираа дека државата влегла во овој начин на настава сосема неподготвена затоа што наставничките и наставниците по математика купиле од сопствени средства посебни табли за да ги приклучат на ИТ уредот за да можат да реализираат часови, други набавувале ИТ опрема, често и адаптери за лаптопи и други уреди потребни за одвивање на онлајн наставата.

За речиси сите наставници еден од најголемите предизвици во онлајн наставата е следењето на вниманието на учениците. Детектирани се случаи во кои учениците почесто се жалат на технички проблем со микрофонот и камерата, особено ако се работи за испрашување. Ова е дополнителен предизвик за наставниците кои се трудат да го задржат вниманието на сите ученици во класот во текот на часот. Во вакви околности, во едно средно училиште во Велес наставници одлучија за испрашување да организираат настава со физичко присуство.

# 4. ПОСРЕДНИ И НЕПОСРЕДНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И УЧЕНИЦИ/ЧКИТЕ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА





Социјалните и финансиските проблеми, недостигот на капацитети и познавања на новите технологии, недостигот на уреди за следење на настава за секое дете поединечно, техничките проблеми со кои се соочуваат дел од родителите, проблемите со кои се соочуваат самохраните родители, родовиот контекст во пристапот кон децата при обезбедување на услови за учење, се само дел од наодите кои го составија мозаикот на секојдневието на родителите на подрачјето на Општина Велес, во процесот на образование на нивните деца.

Дел од родителите потврдија дека во услови на пандемија се соочуваат со голем број на проблеми:

- Недостиг на простор за непречено одвивање на онлајн настава во домовите;
- Недостиг на финансиски средства за набавка на уреди за следење на онлајн наставата за секое дете-ученик поединечно, во рамките на семејство (особено за самохраните родители и родителите приматели на социјална помош);
- Недоволно познавање на новите технологии и недостигот на обука за онлајн настава за дел од родителите;
- Неможност да им помогнат на своите деца-ученици;
- Лош квалитет на интернетот;
- Незадоволство од работата на наставниците кај дел од родителите;

Проблемите со кои посредно и непосредно се соочуваат родителите во услови на пандемија се тесно поврзани со проблемите на учениците:

- Премногу часови на онлајн настава;
- Недостиг на социјализација;
- Технички проблеми во реализацијата на онлајн наставата, (недостиг на интернет, лош квалитет на интернет, нефункционалост на картичките за интернет, недостиг на уреди за следење на наставата);
- Преоптовареност на учениците и ученичките;
- Потребата за набавка на дополнителна опрема за квалитетно одвивање на наставата;
- Недоволен поттик од наставниците за дел од учениците во развојот на вештините и знаењата во рамките на онлајн наставата;
- Потреба од враќање на физичката настава во насока на враќање на можностите за социјализација и директни контакти и консултации со наставниците во училиштата;
- Појава на различен пристап кон учениците од различен пол;
- Потреба за подобрување на јавниот превоз кој веќе постојниот 10% од вкупно 699 ученици го оценија со оценка „лошо", а 35% го оценија со преодна оценка „добро".
- Потреба од обезбедување на обука за зајакнување на вештините на наставниците за поттикнување на развојот на знаења кај учениците со оглед на фактот што 32% од учениците сметаат дека наставниците само делумно ги поттикнуваат, а 6% сметаат дека немаат поттик од наставниците.
- Потреба општината да работи повеќе на информирање на учениците за расположивите стипендии со оглед на фактот што анализата покажа дека само 15% од вкупно 699 анкетирани ученици се информирани за општинските стипендии, а дури 85% воопшто не се информирани.

Сите овие предизвици налагаат заедничко делување на институциите на локално и национално ниво во соработка со училиштата и родителите.

# 5. АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИ






## 5.1 Буџет на ниво на локална самоуправа

Во контекст на буџетските импликации во процесот на образование на локално ниво, Општина Велес во Буџетот за 2022 година има предвидено средства за спроведување на надлежностите во областа на образованието.

Вкупниот буџет на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2022 година изнесува 5.525.000 МКД.

Во 30,7% од овој буџет поточно 1.700.000 денари наменети се за поддршка на буџетските установи во материјални трошоци, а 45,2% или 2.500.000,00 за инвестици во училиштата.

Општината има планирано буџетски средства за информатичка опрема во рамките на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2022 година. Од вкупниот буџет на оваа годишна програма во висина од 5.650.000 што изнесува 26,54% или 1.500.000 денари наменети се за набавка на информатичка опрема како што се компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема.

Во однос на буџетирањето на активностите за обезбедување на родова еднаквост на локално ниво, Општина Велес во Програмата за активностите во областа на социјалната заштита во 2022 година има планирано средства во висина од 200.000 денари за спроведување на Оперативен план на активности за родова еднаквост.

Општината поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку годишни програми. Во Програма за поддршка на граѓански сектор планирана е ставка во висина од 900.000,00 денари. Од оваа ставка со 24,4% или со 220.000,00 денари, општината, ќе учествува во партнерски проекти со граѓански организации додека со 10% или 90.000,00 денари за организирање на обуки за јакнење на капацитети на граѓански организации кои работат на родова еднаквост.

Во Програмата за социјална заштита, општината, од вкупна ставка 3.350.000,00 денари предвидува по 1,5% поточно 50.000,00 денари за лица жртви на семејно насилство и за набавка на социјални пакети додека 14,92% или 500.000,00 денари за еднократни парични помошти.

Во рамките на анализата беше утврдено дека во екот на здравствената криза, во 2021 година, Општина Велес обезбедила 1.350.000,00 МКД во буџетот за набавка и распределба на 260 таблети наменети за учениците/чките кои не биле во можност да следат онлајн настава. Потоа дополнително од страна на општината преку лобирање и донации добиени се 210 таблети од „Макпетрол“ , 35 таблети од „Ромостет“ додека и самата општина учестувала во оваа донација. Општината тогаш обезбедила и 50.000 денари за интернет картички.

Анализирајќи ги буџетите на општина Велес, од 2021 и 2022 година, наидуваме на два клучни заклучока. Првиот е дека Програмата за активностите во областа на образованието за 2021 година изнесуваше 6.020.000 МКД, за во 2022 година да бележиме намалување на оваа ставка за близу половина милион денари, односно 5.525.000 МКД. Сепак она што може да се препише како резултат на залагањата и застапувањето на ФОКУС е пресликано во средствата наменети за набавка на информатичка опрема како што се компјутери, сервери, печатачи, мрежна опрема и сл. каде токму од оваа ставка се набавија и минатогодишните уреди за оние во социјален ризик. Имено, во 2021 година од вкупно 5.250.000 денари, 22.8% или 1.200.000 МКД беа наменети токму за овие цели, за веќе оваа година да имаме 26,54% зафатнина од вкупно планираните 5.650.000 денари или поточно 1.500.000 МКД, што преставува зголемување за речиси 300.000 денари.

## 5.2 Буџетски проекции за надминување на состојбите

**Утврдените финансиски и социјални проблеми, недостигот на капацитети и познавања на новите технологии, недостигот на уреди за следење на настава за секое дете поединечно, техничките проблеми со кои се соочуваат дел од родителите, проблемите со кои се соочуваат самохраните родители, родовиот контекст во пристапот кон децата при обезбедување на услови за учење, налагаат предлог мерки со конкретни буџетски проекции за надминување на состојбите.**

### 5.2.1 Набавка на уреди за следење на онлајн настава

Врз основа на спроведеното истражување утврдено е дека 12% или 84 ученици, од вкупно 699 анкетирани ученици, не располагаат со уреди за следење на настава.
За надминување на оваа состојба неопходно е да се обезбедат 84 таблети со единечна цена од 5.786 денари по таблет или вкупната потребна сума изнесува 486.024 денари.

### 5.2.2 Набавка на мобилни картички (УСБ) за пристап до интернет

За 14 ученици или 2% од анкетираните 699 ученици кои потврдија дека немаат пристап до интернет неопходно е да се набават мобилни картички за пристап до интернет. Со просечна цена од 500 денари по картичка потребно е да се инвестираат 7.000 денари.

### 5.2.3 Обука и адаптирање на наставната содржина на наставниците за спроведување на онлајн настава

Според резулатите од анкетата 23% од вкупно 120 родители потврдиле дека училиштето не спровело обука за следење на онлајн настава. Врз основа на ова неопходно е општината и училиштата да направат дополнителна анализа на потребите за обука на наставниот кадар и родителите.
Во контекст на буџетските проекции врз основа на расположивите податоци неопходно е да се организира обука за минимум 28 лица или заокружено 30 лица. За оваа намена непходно е да се организираат најмалку две обуки. Со просечна цена од 25.000 денари за организирање на обука, вкупната инвестиција изнесува 50.000 денари.

### 5.2.4 Обуки за родов контекст на предавањата

Со оглед на фактот што околу 90 ученици потврдија дека во училиштата има различен пристап кон учениците од различен пол, неопходна е обука на околу 100 наставници за родов контекст на предавањата.
За овој број на наставници потребно е да се организираат 5 обуки. Со просечна цена на обука од 25.000 денари, проектираната инвестиција изнесува 125.000 денари.

### 5.2.5 Организација на дополнителни часови

Врз основа на резултатите од анкетата 12% или 84 од вкупно 699 анкетирани ученици онлајн наставата ја оцениле „лошо" и „многу лошо". Буџетските проекции за надминување на состојбите налагаат организација на дополнителни часови за учениците на кои им потребна поддршка за совладување на наставниот материјал. Неопходно е да се организира одржување на еден час неделно или 4 часа месечно за 84 ученици или вкупно 336 часа.

Со просечна цена од 400 денари по час инвестицијата за организација на дополнителна настава изнесува 134.400 денари. Овие трошоци можат да се намалат со групирање на учениците за следење на дополнителните часови.



### 5.2.6 Вкупни буџетски проекции

Вкупните буџетски проекции за надминување на состојбите утврдени со анализата се следни:

| АКТИВНОСТ | БУЏЕТ ВО МКД |
|---|---|
| Набавка на уреди за следење на онлајн настава. | 486.024 |
| Набавка на мобилни картички | 7.000 |
| Обуки за родов контекст на предавањата | 125.000 |
| Организација на дополнителни часови | 134.400 |
| ВКУПНО | 802.424 |

Вкупните буџетски проекции според анализата изнесуваат 802.424 денари неопходни за надминување на утврдените состојби. Деталните буџетски проекции сепак треба да бидат анализирани во понатамошниот период заедно со надлежните од општината и од училиштата.

Со спроведувањето на овие мерки најпрво се очекува да се зголеми опфатот на учениците кои ќе бидат во можност да ја следат наставата, кај вкупно 96 (16%) ученици кои имаат технички пречки за следење на онлајн наставата, Покрај опфатот, исклучително значајно е што би се зголемил и квалитетот односно влијанието на онлајн наставата врз образованието на учениците. Подобрувањето на квалитетот на наставата како резултат на мерките се очекува за 32% од учениците кои сметаат дека наставниците само делумно ги поттикнуваат и за 6% кои сметаат дека немаат поттик од наставниците. Дополнително истото се очекува и кај 12% или 84 од вкупно 699 анкетирани ученици онлајн наставата ја оцениле „лошо" и „многу лошо". Со тоа сетот на мерки е дизајниран да по одговори на комплексните потреби и проблеми за спроведување на онлајн настава.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ





## 6.1 Заклучоци

Покрај истражувањето со анкетирање на учениците и родителите, во рамките на проектот се одржаа 5 фокус групи во чиј состав работеа членови на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените и Советот на општината, претставници на граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, академските кругови, стручни лица од областа на медицината, директорите на училиштата, како и претставници на медиумите.

Воедно, спроведени се интервјуа со претседателот и координаторите на советничките групи во Советот на Општина Велес. Од проектните активности произлегоа следните заклучоци:

- Дел од учениците и родителите се соочуваат со финансиски и технички проблеми за непречено следење на онлајн наставата
- Родителите со повеќедетно семејство е тешко да набават повеќе лаптопи за секое дете, бидејќи тоа претставува финансиски товар.
- Со онлајн учењето мора да се прилагоди целото семејство, односно со самата настава целото семејство се изместува од нормален тек на живеење.
- Додека детето фиктивно присуствува на наставата, со другата рака детето си игра, односно е паднат квалитетот на вниманието и континуитетот на учење.
- Родителите коишто сакаат нивните деца да успеат мораат да учат со нив, а се јавува проблем со недоволно образовани родители кои се мачат да им помогнат на своите деца.
- Потребни се реформи во образованието, за да може точно и согласно афинитетите, да се бара соодветниот начин на настава.
- Училиштата во услови на пандемија се принудени да преземаат дополнителни мерки, да ангажираат стручни тимови и да организираат обуки со цел да се овозможат соодветни услови за непречено одвивање на онлајн наставата.
- Практичната настава мора да се одржува со физичко присуство.
- Потребно е да се работи и на мотивацијата на учениците. Во услови на онлајн настава учениците не се доволно мотивирани активно да учествуваат на часовите и континуирано да работат на подобрување на своите знаења и вештини.
- Онлајн наставата зависи од повеќе фактори, но се издвојуваат ИТ вештините на поединецот, односно покрај реализираните обуки не сите наставници/чки поседуваат еднакви вештини за да го направат часот интересен.
- Треба многу да се внимава на психолошкиот аспект и намалената социјализација.
- Учениците кои користат мобилен телефон за следење на онлајн настава немаат можност домашните задачи да ги доставуваат до наставниците во бараниот формат.
- Потребна е едукација на учениците за постапување со ИТ опремата, нејзино соодветно чување и заштита.
- Онлајн наставата не овозможува услови учениците соодветно да го совладаат наставниот материјал по сите предмети.
- Професорите по предметите за вештини како што се ликовно, музичко, техничко и физичко немаат можност за изведување на наставата онлајн
- Учесниците во проектните активности особено во рамките на фокус групите и спроведените интервјуа покажаа посветеност и желба лично да придонесат за утврдување на препораки и изнаоѓање соодветни решенија за предизвиците со кои се соочуваат образовните установи на локално ниво во услови на пандемија.

## 6.1 Препораки

Од реализацијата на проектните активности во рамки на проектот „Еднаквост за одржлив развој на заедницата-Креирање на база на податоци за родово буџетирање" произлегоа следните препораки чија цел е да им помогнат на надлежните во локалната самоуправа и во училиштата за подобрување на квалитетот на образование и обезбедување на соодветна помош и поддршка за учениците, ученичките и родителите во услови на пандемија.

- Во сите училишта, во координација со општината континуирано да продолжи периодична анализа на состојбите со ИТ уредите за следење на онлајн настава;
- Да се обезбедат дополнителни уреди и картички за 12% од анкетираните ученици кои потврдија дека нивните родители не се во можност да обезбедат дополнителен уред за следење на наставата за секој ученик поединечно;
- Да се обезбеди пристап до интернет за 2% од учениците кои во анкетата потврдија дека немаат пристап до интернет;
- Да се работи на обезбедување на соодветни уреди лаптопи и таблети за следење на онлајн настава (уреди кои овозможуваат полесно следење на наставата и се посоодветни за подготовка и доставување на домашни задачи);
- Во анализите да се обрне внимание на семејствата каде има две и повеќе деца на училишна возраст;
- Да се обезбедат соодветни услови за помош и поддршка на самохраните родители родителите кои се приматели на социјална помош и невработените родители;
- Да се разгледаат можностите за помош и поддршка на родителите кои имаат проблеми со квалитетот на интернетот;
- Во секое училиште да се организира задолжителна обука за следење на онлајн настава;
- Да се организираат обуки за родителите кои имаат потреба од поддршка во одвивањето на онлајн настава, особено за родителите кои се понизок степен на образование;
- Да се работи на континуирано подобрување на квалитетот на превозот на учениците;
- Со проектни и училишни активности да се поттикнува возењето на велосипед како здрав начин на доаѓање на училиште (што е еден од приоритетите на Планот за одржлива урбана мобилност на Општина Велес за периодот 2019-2030 година);
- Со ангажман на училишните психолози и наставниот кадар да се работи на решенија за зајакнување на мотивацијата на учениците за активно учество во настава во услови на пандемија на пример развој на курикулуми за настава во услови на пандемија;
- Да се работи на изнаоѓање на креативни решенија за реализација на часовите по предметите за кои е неопходно физичко присуство;
- Со оглед на фактот што пандемијата е ризик што ги засегна училиштата, неопходна еобука на управата и наставниот кадар за управување со ризици со цел во случај на исти или слични околности да бидат подготвени за спроведување на соодветни мерки, инвестирање на дополнителни финансиски средства и преземање активности за надминување на последиците од епидемиолошката криза;
- Во соработка со граѓанскиот сектор и со активно вклучување на Комисијата за еднаквимożности да се работи на активности и проекти за надминување на родовитестереотипи во училиштата и помеѓу родителите;
- Навреме да се преземат соодветни активности и мерки за враќање на наставата софизичко присуство како приоритетна потреба за сите засегнати страни во образовниотпроцес на локално ниво;
- Општината треба да работи на информирање на учениците за расположивите стипендии за ученици.

Оваа Анализа има за цел да придонесе во случај на ново затворање како и да придонесе за евентуално олеснување на севкупниот процес на дигитализација на образованието во државата.
Проектен тим на Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус" - Велес
Убавка Јаневска - Извршна директорка
Ангела Давчевска - Проектна координаторка
Јуни 2021 година